НА "ЗЛАТНА БУБАМАРА" НА ПОПУЛАРНОСТА

# Награда за животно дело за Виолета Томовска



Легендата на македонската народна песна, Виолета Томовска, ќе ја добие наградата за животно дело на "Златна бубамара на популарноста", на 21 февруари, во Универзалната сала.

- Во својата богата 50-годишна музичка кариера ги има отпеано речиси сите македонски песни, кои се дел од ризницата на нашето големо музичко богатство - велат од тимот на "Златна бубамара", која годинава се одржува по 16. пат.

Виолета има снимено преку 500 песни, меѓу кои и незаборавните дуети со легендите Никола Бадев, Кирил Манчевски, Пепи Бавтировски, Јонче Христовски, Наум Петревски, "Танец".

Мотото на годинешното издание на "Златна бубамара" е "Мелем за душа".

*(М.Ц.)*

# Живкица се враќа на МТВ со "Тунел"

Живкица Каленикова повторно се враќа на МТВ 1, и тоа вечерва, во 18.15 часот, со новата емисија "Тунел".

Емисијата ќе обработува животни приказни на обичниот човек и неговата немоќ во борбата со непредвидливото.

- Во првата емисија ќе гостува семејството Коловски од струшкото село Мислешево. Приказната на семејството Коловски нé води низ неговите страдања и предизвици во текот на четири години додека синот беше во кома. Ќе биде раскажана нивната животна приказна со тага, болка и радост. За потребите на "Тунел", ја истраживме цела Македонија. Приказните што ќе ги споделиме не се споредуваат со ниту една серија, филм или фиктивна приказна - изјави Живкица, која е автор на емисијата.



Гостин во првата емисија - Јован Коловски од струшкото село Мислешево со семејството

За сите сугестии, прашања и пријавување, ќе биде отворена Фејсбук-страница, каде што гледачите ќе може да ги споделат своите размислувања.

*(М.Ц.)*

ИРЕНА ВЕЉОВСКА СНИМИ СПОТ ЗА "МОЗАИК"

## Само Бог може да нé раздели

Популарната фолк-пејачка Ирена Вељовска вчера го заврши снимањето на спотот за песната "Мозаик", со која ја доби наградата за најдобар дебитант на последното издание на фолк-фест "Валандово". Спотот е снимен на неколку локации во Скопје, а партнер í е младиот манекен Петар Андоновски.

- Во песната се зборува за загубена љубов, но и за простување, дека само Господ може да нé раздели



ако е вистинска љубов, ако вистински се сакаме. Освен тоа, и ако вистински се сака, треба да се простува, зашто простувањето е дадено од Бога. Таа порака провејува низ целиот спот, не само во песната - вели Ирена.

Музиката и аранжманот за "Мозаик" се на Бобан Мојсовски, а текстот на Огнен Неделковски. Режисер на спотот е Бојан Стоилковски.

*(В.М.)*